ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 1567/2***
***11.02.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XXIX -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 11.02.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Маја Чемерикиќ, помошник на директорот за фармација;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за човечки ресурси;*

- *Љубица Димитровска, началник за финансии (делумно присутна);*
- *Љупчо Ламбевски, претседател на пописната комисија на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Потоа го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XXVIII седница на УО одржана на 04.02.2008 година.*

1. *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2007 година;*
2. *Извештај за извршени контроли во јавните здравствени установи (Ex-ante и ДРГ).*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Барање од Далија - Табак ДОО за плаќање на заостанат придонес на рати;*
5. *Барање од Друштво за нискоградба „Вардар"за плаќање на заостанат придонес на рати;*
6. *Долговите на јавните здравствени установи и начините за нивно намирување;*
7. *Разно*

*Страшо Наумоски ги извести членовите на Управниот одбор дека од Лекарската комора на Македонија е упатено барање за одобрување на средства за обука на лекарите за работа по програмите. Тоа е од исклучително значење за нивното правилно работење па затоа побара доколку ова барање е пристигнато до Фондот да се разгледа под точката разно.*

*Љубиша Каранфиловски побара стручната служба на Фондот да изготви текст на деловникот за работа на Управниот одбор усогласен со одлуките на Уставниот суд со кои се укинаа одредбите на Законот за здравственото осигурување со кои се предвидуваше одлуките на Управниот одбор да се сметаат за донесени само ако за нив гласале и претставниците на министерствата за здравство и финансии.*

*Лазар Трајчев објасни дека стручната служба го изготвува текстот, но за да не се врши често изменување во Деловникот, тоа ќе биде предложено по*

*стапувањето во сила на најновите измени на Законот за здравственото осигурување кои исто така ќе имаат рефлексија врз деловникот.*

*Директорот Тренкоски предложи, дневниот ред да се дополни со разгледување на Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Со одлуката е предложено утврдување на референтни цени за оние лекови за кои се потрошени тендерските количини. Со тоа ќе се овозможи непречено снабдување во наредните шест месеци. Исто така предложи да се разгледа и предлогот за утврдување на референтни цени на здравствените услуги од областа на гинекологијата и акушерството.*

*Лазар Трајчев ги извести членовите на Управниот одбор дека од гинеколозите од примарната гинеколошка здравствена заштита пристигнуваат барања до Фондот да се продолжи рокот за набавка на колпоскоп утврден во Одлуката за одобрување на средства за набавка на биокуларен колпоскоп со камера за потребите на избраните лекари - гинеколози во здравствени установи од примарната здравствена заштита.*

*Покрај овие барања, пристигнато е и барање од фирмата „Геталдус" која укажува дека данокот на додадена вредност за очните помагала во референтните цени утврдени од Фондот е вклучен во висина од 5% иако за овие помагала се плаќа 18% данок.*

*Од службата за контрола на Фондот пак е предложено Управниот одбор да го разгледа барањето за плаќање на фактурите од Специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори" кои според службата не се во согласност со договорот помеѓу оваа болница и Фондот.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлозите за дополнување на дневниот ред, по што го усвоија следниот*

## ***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XXVIII седница на УО одржана на 04.02.2008 година.*

1. *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2007 година;*
2. *Извештај за извршени контроли во јавните здравствени установи (Ex-ante и ДРГ).*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Барање од Далија - Табак ДОО за плаќање на заостанат придонес на рати;*

*5. Барање од Друштво за нискоградба „Вардар“за плаќање на заостанат придонес на рати;*
*6. Долговите на јавните здравствени установи и начините за нивно намирување;*
*7. Разно*

*7.1 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
*7.2 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства за набавка на биокуларен колпоскоп со камера за потребите на избраните лекари - гинеколози во здравствени установи од примарната здравствена заштита;*
*7.3 Предлог за утврдување на референтни цени на здравствените услуги од областа на гинекологијата и акушерството;*
*7.4 Барање од фирмата „Геталдус“;*
*7.5 Фактури од Специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори“;*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XXVIII седница на Управниот одбор одржана на 04.02.2008 година.*

*Љубиша Каранфиловски побара во записникот да се коригира неговиот исказ по првата точка од дневниот ред на страна 4 каде наместо зборовите „дали тој и овогодишниот не се преголеми во однос на вкупниот буџет на Фондот“ треба да стои „дали и овогодишниот не е преголем во однос на вкупниот буџет на Фондот.“*

*Со оваа корекција, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XXVIII седница на Управниот одбор одржана на 04.02.2008.*

***ТОЧКА 1-*** *Извештај од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2007 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека извршувањето на пописот е годишна законска обврска по што претседателот на пописната комисија Љупчо Ламбевски даде детално известување.*

*Тој наведе дека пописната комисија констатирала многу стари и неупотребливи средства - ситен инвентар без книговодствена вредност за кои предлага да се отпишат. Постојат и средства што книговодствено се водат на Фондот иако се наоѓаат во Министерството за здравство, во поранешните простории на Фондот или пак кај други корисници. За таквите средства предложи да се повлечат во фактичко владение или да се преотстапат на сегашните корисници. На прашањето на директорот Тренкоски што е со старите компјутери кои во минатата година беа заменети со модерни*

*одговори дека нивната книговодствена вредност е веќе отпишана но се фактички употребливи.*

*Ромела Поповиќ Трајкова додаде дека тие би можеле да се донираат на некои болници за што се пристигнати и барања до Фондот.*

*Претседателот Аљбон Џемаили побара објаснување како тоа на едно средство му е отпишана книговодствената вредност а тоа е сепак употребливо. Исто така праша и дали демонтиранaта барака на подрачната служба Делчево може да се впаричи.*

*Љубица Димитровска објасни дека секое основно средство има век на траење определен со закон и дека секоја година книговодствено се отпишува пропишаниот дел од вредноста на средството. Оттаму, по определен временски период целосно се отпишува книговодствената вредност, но тоа не значи дека средството истовремено ја губи и употребната вредност.*

*Љупчо Ламбевски објасни дека бараката која подрачната служба Делчево ја делеше со подрачната служба на Фондот на ПИОМ е стара и дека по демонтирањето не може да се продаде како објект туку ќе се продава како отпаден материјал. Понатаму го извести Управниот одбор дека пописните комисии на подрачните служби во кои е извршена реконструкција на просториите бараат инструкции како да се постапува со демонтираната столарија. Тоа од причина што столаријата книговодствено не се води одделно туку како дел од објектот.*

*Љубиша Каранфиловски забележа дека пописната комисија констатирала и неотпакувани ЕКГ апарати.*

*Љубица Димитровска и Љупчо Ламбевски објаснија дека тие апарати биле купени уште во 1998 година и дека се наоѓаат во магацинот на Реплек. Пописната комисија предлага овие апарати да се стават во функција преку донирање на здравствени установи.*

*Страшо Наумоски се осврна на делот од извештајот што се однесува на Подрачната служба Прилеп, односно опремата што подрачната служба ја има во кампот Асамати за која е наведено дека е украдена. Во врска со тоа предложи имотот на Фондот кој е незаштитен односно изложен на оштетувања и кражби како и имотот кој не се одржува поради што пропаѓа, да се отуѓи по пат на продажба. Тоа е подобро решение отколку постепено да ја губи вредноста поради неодржување и кражби.*

*Лазар Трајчев предочи дека за тоа ќе треба да се спроведе постапка за продажба па предложи да се направи преглед на целокупниот имот што треба да се отуѓи и за тоа да се спроведе постапка.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлогот по што едногласно се донесе*

***Заклучок:** Да се изготви преглед на целокупниот имот на Фондот за отуѓување по што да се спроведе постапка за негова продажба.*

*Борис Јосифовски побара објаснување во врска со прегледот на вратени и невратени средства на Фондот на страна 24 од извештајот кои се во висина од четири милијарди денари.*

*Љубица Димитровска објасни дека финансирањето во здравството години наназад се одвива преку префрлање на средства на здравствните установи. Притоа оние здравствени установи кои извршиле помалку услуги од префрлените средства влегуваат во долг. Кај оние здравствени установи кои извршиле повеќе услуги од средствата што им се префрлени Фондот влегува во долг. Меѓутоа, со договорите со здравствените установи, меѓусебните побарувања се бришани. Потоа укажа дека во извештајот на страна 22, под точката в) Парични средства на акредитивни сметки, во текстот треба да се дополни дека констатираните средства во висина од 63.383.366,50 денари се наоѓаат во Македонска банка.*

*Управниот одбор го прифати ова дополнување по што претседателот ја заклучи расправата по првата точка од дневниот ред и извештајот го стави на гласање. Управниот одбор едногласно го усвои*

***Извештајот***

*од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со состојба на ден 31.12.2007 година како и предлозите на пописната комисија*

***ТОЧКА 2-*** *Извештај за извршени контроли во јавните здравствени установи (Ex-ante и ДРГ).*

*Објаснување даде Ромела Поповиќ Трајкова која ги запозна членовите на Управниот одбор дека од минатата седмица целиот оддел за контрола е на терен и дека покрај ex-ante контролорите, во контролите се вклучени и буџетските инспектори. Секој ден по завршената контрола се изготвува дневен извештај, а месечно ќе се изготвува извештај за Управниот одбор.*

*Љубиша Каранфиловски истакна дека е добро што во Извештајот постојат препораки и предлог мерки врз основа на извршената контрола и додаде дека е потребна поголема дисциплина кај уплаќањето на партиципацијата од страна на здравствените установи.*

*Ромела Поповиќ Трајкова во врска со ова објасни дека Фондот има механизам за наплата, а тоа е одбивање од буџетот на здравствената установа на неуплатената партиципација што се врши на крајот на годината. Од оваа година пак во договорите со здравствените установи се предвидени казнени одредби во случај на непочитување на догворот.*

*Борис Јосифовски изрази задоволство од содржината на ex-ante контролите кои очигледно се вршат од добро обучени лица и додаде дека овие контроли се од голема корист за Фондот.*

*Директорот Тренкоски рече дека екипата за контрола која ќе биде постојано на терен ќе се состои од 50 луѓе. Се согласи дека почетниот резултат од контролите е охрабрувачки но загрижуваат менаџерските капацитети на здравствените установи за кои треба и до Владата да се предложат мерки за подобрување.*

*Ромела Поповиќ Трајкова додаде дека целта на контролите е да се прибираат податоци, истите да се анализираат па од резултатите на анализата да произлезат plan па активности.*

*Трајче Леов укажа дека Фондот треба да утврди каде е изворот на проблемите во здравствените установи и да се осигура дека не придонесува за некои од нив. Посочи на Здравствениот дом Велес каде има 24 нераспределени вработени лица. Веројатно слична е состојбата и во другите здравствени домови по приватизацијата бидејќи насекаде административните и помошните служби се димензионирани за поголеми установи од настанатата состојба.*

*Борис Јосифовски надоврзувајќи се на расправата истакна дека е познато дека во здравството има прекумерна вработеност и дека менаџерите не сакаат да ја превземат одговорноста за рационализирање.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека политиката на вработувањата во здравството е домен на Министерството за здравство додека Фондот се концентрира на мерките во насока на подобрување на здравствените услуги за осигурениците. Инаку, менаџерот е обврзан да изготви систематизација и да ја предложи до министерството. Во неа освен потребите од дополнителен кадар треба да се предвиди и рационализирање во делот на вишокот вработени. За жал, од ниту една здравствена установа нема такви укажувања.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја усвои*

***Информацијата***
***од извршени контроли во јавните здравствени установи***

***ТОЧКА 3-*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека со предложениот Правилник се предвидува формирање на одделение за договарање и преговарање во рамките на секторот за финансии. Во ова одделение вработените ќе бидат од неколку профили: економисти, правници, лекари и стоматолози. Потребата за негово формирање произлегува од позицијата на Фондот како купувач на здравствени услуги за осигурените лица. Во пазарни услови, потребно е за тоа обучени лица да го водат процесот на склучување на договори со здравствените установи за да се овозможи средствата на Фондот рационално да се искористат за добивање на најдобри услуги по најдобри цени.*

*Исто така се предлага зајакнување на секторот за контрола со вклучување на десет контролори чија главна задача ќе биде да врши анализа на извештаите од контролите.*

*Љубиша Каранфиловски забележа дека од десетте места за контролори, за осум е потребно образование медицински факултет а за две економски факултет. Праша зошто е предложен таков соодност.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека во екипите за контрола мора да има контролори кои ги познаваат дијагнозите, односно од медицински профил. Инаку во вкупниот состав на контролата која ќе работи на терен, соодносот лекари - економисти е изедначен. Дополни дека веќе е предвидено сите тие да посетуваат обука во Германија и Словенија.*

*По ова објаснување, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 4-*** *Барање од Далија - Табак ДОО за плаќање на заостанат придонес на рати;*

*Лазар Трајчев објасни дека Далија - Табак ДОО го има платено главниот долг кон Фондот а барањето за плаќање на рати се однесува на долгот по основ на камата за задоцнето плаќање.*

*Борис Јосифовски нагласи дека каматата за задоцнето плаќање утврдена со законот е висока па според тоа смета дека треба да се овозможи нејзино плаќање на рати.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

- *Фондот на Далија - Табак ДОО да и овозможи плаќање на 15 рати на заостанатиот долг. Во висината на долгуваниот придонес да се вклучат и каматите заради ненавремено плаќање на придонесот и евентуалните трошоци што ги имал Фондот за поведување на судски постапки за наплата. За обезбедување на побарувањето да се достави банкарска гаранција.*

***ТОЧКА 5-*** *Барање од Друштво за нискоградба „Вардар“ за плаќање на заостанат придонес на рати;*

*Лазар Трајчев објасни дека слично со претходното барање е и барањето од Друштвото за нискоградба „Вардар“ кое има долг за неплатен придонес за*

*месеците август, септември, октомври, ноември и декември 2007 година во висина од 2.606.763 денари и бара да го плати на пет рати.*

*По ова барање, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

*Фондот на Друштвото за нискоградба „Вардар" да му овозможи плаќање на долгот по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување на пет месечни рати. Во висината на долгуваниот придонес да се вклучат и каматите заради ненавремено плаќање на придонесот и евентуалните трошоци што ги имал Фондот за поведување на судски постапки за наплата. За обезбедување на побарувањето да се достави банкарска гаранција.*

***ТОЧКА 6-*** *Долговите на јавните здравствени установи и начините за нивно намирување;*

*Ромела Поповиќ Трајкова ги запозна членовите на Управниот одбор дека Фондот упатил до Владата на Република Македонија барање за одобрување на дополнителни средства заради намалување на долговите на јавните здравствени установи. Барањето се повикува на одлуките на Владата за расчистување на долговите на јавните здравствени установи. Од Владата беше побарана поддршка за намена на средствата на суфицитот за подмирување на старите долгови на јавните здравствени установи и ребаланс на буџетот до крај на годината за тие средства од милијарда денари, што е начелно и добиено. Наведе дека Фондот изготвил готовински тек според кој се очекува 120 до 150 милиони денари месечен суфицит што ќе треба да се пренасочи за соодветна намена. Приоритет ќе имаат државните институции и долговите за комуналии. Потоа ќе се намируваат и долговите кон веледрогериите. Планирано е со јавен повик од нив да се побара дисконт па во согласност со тоа ќе се вршат плаќањата.*

*Директорот Тренкоски додаде дека јавните здравствени установи сеуште имаат големи долгови и поради тоа од нив постојано до Фондот се упатуваат барања за одобрување на дополнителни средства. Очекуваме со поддршка на Владата вкупните долгови на јавните здравствени установи од 1,5 милијарди да се намалат на околу 500 милиони денари кои во наредната година би можеле целосно да се елиминираат. Во секој случај сметаме дека Фондот има неспоредливо поголем капацитет да изврши намалување на долговите отколку кога тоа би го правела секоја установа поединечно.*

*Ромела Поповиќ Трајкова ги запозна членовите на Управниот одбор со барањата за наменски средства за инвестиции во Клиниката за трансфузиологија и Клиниката за дерматологија. Предложи Управниот одбор да го поддржи предлогот за двете клиники да се одобрат средства во висина од по 6 милиони денари кои би се предвиделе во Инвестиционата програма на јавните здравствени установи за 2008 година.*

*Управниот одбор по ова го усвои известувањето за долговите на јавните здравствени установи и начините за нивно намирување и одобри средства во*

*висина од по 6 милиони денари да се предвидат во Инвестиционата програма на јавните здравствени установи за 2008 година за Клиниката за трансфузиологија и Клиниката за дерматологија.*

***ТОЧКА 7-*** *Разно;*

*7.1 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Маја Чемерикиќ објасни дека за некои лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија тендерските количини се блиску до исцрпување. Поради тоа, се укажува потреба за нив да се утврдат референтни цени. Како што ќе се утврди дека за одделен лек е потрошена тендерската количина, така за него ќе се применува референтната цена.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*7.2 Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства за набавка на биокуларен колпоскоп со камера за потребите на избраните лекари - гинеколози во здравствени установи од примарната здравствена заштита;*

*Лазар Трајчев објасни дека од гинеколозите од примарната гинеколошка здравствена заштита пристигнуваат барања до Фондот да се продолжи рокот за набавка на колпоскоп утврден во Одлуката за одобрување на средства за набавка на биокуларен колпоскоп со камера за потребите на избраните лекари - гинеколози во здравствени установи од примарната здравствена заштита. Овој рок истекува на 29.02.2008 а со предлог - одлуката е предвидено да се продолжи до 31.03.2008 година.*

*Управниот одбор го прифати предлогот, по што едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за одобрување на средства за набавка на биокуларен колпоскоп со камера за потребите на избраните лекари - гинеколози во здравствени установи од примарната здравствена заштита***

*7.3 Предлог за утврдување на референтни цени на здравствените услуги од областа на гинекологијата и акушерството;*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека согласно Законот за здравственото осигурување, Управниот одбор на Фондот утврдува референтни цени за здравствените услуги. Стручната служба изготви предлог референтни цени од областа на гинеколошко - акушерската дејност. Утврдувањето на цената на породувањето е извршено по ДСГ методологија за што е потребно да се земат предвид голем број на референтни трошоци. Додаде дека во текот на јануари беше направено истражување на трошоците за извршените здравствени услуги на осигурените лица и анализа на фактурите од јавните здравствени установи од областа на гинекологијата и акушерството. Од анализата се утврдени значајни разлики во искажаните трошоци за ист вид на услуга. Карактеристично е и тоа што и покрај постоењето на единствен ценовник на здравствени услуги во Република Македонија, при фактурирањето до Фондот за иста дијагноза и постапување се фактурираат различни износи од различни установи па дури и од иста установа. Фондот се стреми тоа да се елиминира и да се воспостават референтни цени по ДСГ методологија пресметани по најниски трошоци за осигурен квалитет на здраввствена услуга.*

*Директорот Тренкоски додаде дека плаќањето по ДСГ на здравствените установи од едни медицински области ќе им одговара повеќе отколку на други. Заедно со Ромела Поповиќ Трајкова потоа предложија Управниот одбор да ја прифати методологијата за утврдување на референтните цени и за тоа да се известат болниците. Побараа и за воведувањето на ДСГ системот да се обезбедат консултантски услуги од земја во која таков систем е веќе воспоставен.*

*Управниот одбор го прифати предлогот, по што едногласно донесе*

***Заклучок:***

- *Се поддржува методологијата за утврдување на референтни цени на здравствените услуги од областа на гинекологијата и акушерството.*

- *Фондот да обезбеди консултантски услуги за ДРГ од земја со веќе воспоставен систем.*

*По разгледувањето на оваа точка, Управниот одбор одлучи преостанатите точки: 7.4 Барање од фирмата Гeталдус и 7.5 Фактури од Специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори“ да се одложат за наредната седница.*

*Откако ја разгледа оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор во 13.00 часот заврши со работата.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Аљбон Џемаили***